„Нема да се придвижат стапалата на човекот на Судниот ден сè додека не биде прашан за четири работи: за неговиот живот – на што го потрошил, за неговото знаење – дали работел според тоа, за неговиот имот – како го заработил и како го потрошил и за неговото тело, како го користел.“

Ебу Берзете ел-Еслеми, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, алејхи селам рекол: „Нема да се придвижат стапалата на човекот на Судниот ден сè додека не биде прашан за четири работи: за неговиот живот – на што го потрошил, за неговото знаење – дали работел според тоа, за неговиот имот – како го заработил и како го потрошил и за неговото тело, како го користел.“

[رواه الترمذي] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известува дека никој нема да ја помине фазата на пресметката на Судниот ден кон Џенетот или Џехенемот сè додека не биде прашан за овие работи: Прво: Животот, како го искористил и како го поминал? Второ: Знаењето, дали го барал во името на Аллах? Дали работел според тоа знаење? И дали им го пренел на тие кои требале да го добијат? Трето: Имотот, како го заработил, дали на халал или на харам начин? И како го потрошил, за оно со што е задоволен Аллах или во она што ја предизвикува Аллаховата лутина? Четврто: Телото, снагата, здравјето и младоста, како ги искористил?

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4950